# ОПШТИНА БИТОЛА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Битола
г-ѓа Наташа Петровска

Изготвувач:
Сектор за финансиски прашања
на Општина Битола

*Битола, март 2018 година*

Содржина:

- Вовед 2
- Годишна сметка / наративен дел 3
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност 16
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности 20
- Изјава од одговорниот сметководител
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Бруто биланс сметка Орган

## 1.Вовед

### Основни податоци за Општината

Број на жители 95385
Површина и населени места 794,53 км2

Битола е лоцирана во југозападниот дел на Македонија и се наоѓа на само 13 км оддалеченост од границите на ЕУ.Битола е еден од најголемите градови во Македонија, со околу 95385 жители во градот и околните 64 рурални населби. Градот има долга и богата историја која допира дури до неолитскиот период.

### Надлежност

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за Локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат териториjалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Основните претпоставки за поготвување на Буџетот на Општина Битола претставуваат законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Битола (Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за буџетите),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2017 година добиени од Министерството за Финансии на Република Македонија.

Буџетот на Општина Битола за 2017 година е донесен од Советот на Општина Битола на седница одржана на ден 27.12.2016 година , заедно со Одлуката за извршување на буџетот на Општина Битола за 2017 година.

Во текот на 2017 година е донесена една Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на Општина Битола за 2017 година ( пренамена), на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 10.07.2017 година, и една Одлука за измени и дополнувања на Буџетот за 2017 година на седница на Совет на Општина Битола одржана на ден 13.11.2017 година. Измените и дополувањата беа извршени заради усогласување на приходниот со расходниот дел во основнот буџет, како и заради потребите од усогласување на приходите и расходите на буџетите на локалните јавни установи .

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1.Приходи на Општината

Споредбата на планираните и реализираните приходи исто така е добар показател за доброто или лошото планирање и реализација на планот. Споредбата ќе даде оценка за успешноста на општинската даночна администрација, односно на Општината Битола за наплатата на сопствените приходи и напорите на органите на Општина Битола ,за обезбедување на дополнителни средства по Програмите на надлежните министерства и донациите од земјата и странство.

Даночните приходи се остварени како резултат на издадени 37.353 решенија на данок на имот, 5.101 решенија за фирмарина, 1139 решенија за купопродажба, 1291 решенија за наследство и подарок, 84 решенија за комунална такса за музика во јавни локали, 231 пресметки и договори за уредување на градежно земјиште, издавање на одобренија за 135 прекопи на објекти од комунална инфраструктура, 7 барања за издавање на дозвола за вградување на подземни инсталации, 17 издадени лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници, 257 одобренија за градење, проекти за инфраструктура, елаборати за животна средина и др.

Неданочните приходи се резултат на 280 издадени одобренија за користење на урбана опрема, издадени 1264 излезни фактури за закупнини, 302 уверенија за куќен број, 909 изводи од план, 1518 прибележување, предбележување, запишување на одобренијата во катастар (Физичка делба,промена на култура, легализација и др),имотни листови , историјати, исправки на технички грешки и др приходи.

Дел од капиталните приходи се остварени како резултат на изготвени 636 пресметки за надомест за бесправно изградени објекти.

Трансферите ги сочинуваат трансферите од Агенцијата за патишта на средства за зимската служба , Дотациите од ДДВ,пренесениот вишок на приходи од мината година .

**На сметката Основен буџет на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи:**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **785.902.943** | **505.643.635** |
| **71 Даночни приходи** | **461.351.398** | **323.228.988** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 19.560.000 | 21.102.596 |
| 713 Даноци на имот | 184.400.000 | 138.270.095 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 221.689.053 | 145.823.817 |
| 718 Такси за корисење или дозволи за вршење дејност | 35.702.345 | 18.032.480 |
| **72 Неданочни приходи** | **88.315.000** | **21.680.444** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 6.115.000 | 4.737.474 |
| 723 Такси и надоместоци | 18.000.000 | 12.137.894 |
| 724 Други Владини услуги | 150.000 | 46.000 |
| 725 Други неданочни приходи | 64.050.000 | 4.759.076 |
| **73 Капитални приходи** | **122.431.623** | **28.468.199** |
| 731 Продажба на капитални средства | 20.000.000 | 349.200 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 102.431.623 | 28.118.999 |
| **74 Трансфери и донации** | **113.804.922** | **132.266.004** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 113.804.922 | 132.266.004 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.1 Вкупни приходи сметка Основен буџет**

Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.

**71 Планираните даночни приходи се остварени со 70,06 %**

Ставка 711- Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 19.560.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 21.102.596,00 денари или 100 %.

Ставка 713-Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 184.400.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 138.270.095,00 денари или 74,98 %.

Ставка 717- Данок на специфични услуги од планираните 221.689.053,00 денари остварени приходи се во износ од 145.823.817,00 денари, или 65,78%.

Ставка 718 - Такси за користење или дозволи за вршење дејност од планираните 35.702.345,00 денари остварени се 18.032.480,00 денари, 50,51 %.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 24,55 %**

Ставка 722- Глоби,судски и административни такси од планираните 6.115.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.737.474,00 денари или 77,47 %.

Ставка 723- Такси и надоместоци во од планираните 18.000.000,00 денари остварени приходи се во износ од 12.137.894,00 денари, или 67,43 %.

Ставка 724-Други владини услуги од планираните 150.000,00 денари, остварени се приходи во износ од 46.000,00 денари, или 30,67%.

Ставка 725-Други неданочни приходи од планираните 64.050.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 4.759.076,00 денари , или 7,43%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 23,25 %**

Ставка 731-Продажба на капитални средства од планираните средства во износ од 20.000.000,00 денари, остварени се приходи од 349.200,00 денари или 1,75%.

Ставка 733-Продажба на земјиште и нематеријални вложувања од планираните 102.431.623,00 денари, остварени се приходи од 28.118.999,00 денари или 27,45 %.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 100%**

Ставка 741- Трансфери од други нивоа на власт од планираните 113.804.922,00 денари, остварени се приходи во износ од 132.266.004,00 денари 100 %.

**Вкупните приходи на Општина Битола во 2017 година се реализирани со 64,34 %.**

**На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **95.262.310** | **50.428.427** |
| **72 Неданочни приходи** | **95.262.310** | **50.428.427** |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | 11.276 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 2.000 | 13.970 |
| 723 Такси и надоместоци | 85.993.110 | 44.859.091 |
| 724 Други Владини услуги | | 17.880 |
| 725 Други неданочни приходи | 9.267.200 | 5.526.210 |
| **73 Капитални приходи** | | |
| 731 Продажба на капитални средства | | |
| **74 Трансфери и донации** | | |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | |
| 742 Донации од странство | | |
| 743 Капитални донации | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.2 Вкупни приходи сметка Самофинсирачки активности**

**Вкупните приходи на сметката Самофинансирачки активности се реализирани со 52,94%.** Поодделно остварувањето на приходите кај локалните јавни установи Советот на Општина Битола ќе може да ги констатира преку разгледување на завршните сметки на локалните јавни установи.

**На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **50.847.371** | **11.439.930** |
| **74 Трансфери и донации** | **50.847.371** | **11.439.930** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | | |
| 742 Донации од странство | 50.847.371 | 11.439.930 |
| 744 Тековни донации | | |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.3 Вкупни приходи сметка Донации**

Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации во општината, и локалните јавни установи.

До крајот на 2017 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа;

**Во сметките за Донации** планирани со вкупен износ 50.847.371,00 денари донациите на основните и средни училишта, детските градинки на оваа сметка има остварување на приход од 11.439.930,00 денари или 22,50 %.

**На сметката Заеми планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **138.440.325** | **30.937.858** |
| **75 Домашно задолжување** | **138.440.325** | **30.937.858** |
| 754 Домашно задолжување | 138.440.325 | 30.937.858 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |

Во текот на 2017 година од Заемот од Светска банка , Општина Битола оствари приход од 30.937.858,00 денари од планираните 138.440.325,00 денари или 22,35%.

## 2.2 Расходи на Општината

Расходната страна на буџетот на Општината Битола се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите се утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Битола може да се прикаже по видови по сметкии и програми.Според програмската класификација во Буџетот на Општина Битола се опфатени 21 програма. Реализацијата на расходите во текот на цела 2017 година , е извршена како резултат на спроведени околу **158 постапки за јавни набавки** од одделението за јавни набавки, добиени **2821 фактури** во одделението за сметководство.

**На сметката на основниот буџет на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи;**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **785.902.943** | **505.643.635** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **73.213.655** | **60.417.944** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 47.099.024 | 38.847.854 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 17.455.576 | 14.148.804 |
| 404 Надоместоци | 8.659.055 | 7.421.286 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **400.000** | |
| 412 Постојана резерва | 200.000 | |
| 413 Тековни резерви | 200.000 | |
| **42 Стоки и услуги** | **233.956.407** | **173.449.785** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.687.000 | 673.044 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 81.500.000 | 57.082.549 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 6.605.046 | 4.578.221 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 73.773.319 | 63.054.890 |
| 425 Договорни услуги | 37.871.042 | 21.478.630 |
| 426 Тековни расходи | 24.300.000 | 18.776.991 |
| 427 Привремени вработувања | 8.220.000 | 7.805.460 |
| **45 Каматни плаќања** | **150.000** | **33.564** |
| 452 Каматни плаќања за домашни задолжувања | 150.000 | 33.564 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **89.390.000** | **78.435.161** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 40.590.000 | 36.977.494 |
| 464 Разни трансфери | 47.050.000 | 40.589.918 |
| 465 Исплата по извршни расправи | 1.750.000 | 867.749 |
| **47 Социјални бенифиции** | **6.000.000** | **5.094.879** |
| 471 Социјални надоместоци | 6.000.000 | 5.094.879 |
| **48 Капитални расходи** | **382.792.881** | **188.212.302** |
| 480 Купување на опрема и машини | 6.144.883 | 2.925.899 |
| 482 Други градежни објекти | 356.983.998 | 172.649.603 |
| 483 Купување на мебел | 100.000 | |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 19.564.000 | 12.636.800 |

**сл.4 Вкупни расходи сметка Основен буџет**




***Вкупни тековни оперативни расходи:***

Ставка 401-Основни плати и надоместоци реализирани се расходи во во износ од 38.847.854,00 од вкупно планираните во буџетот 47.099.024,00 денари.

Ставка 402-Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се трошоци во износ од 14.148.804,00 денари од вкупно планирани во буџетот 17.455.576,00 денари.

Ставка 404- Надоместоци реализирани се трошоци од 7.421.286,00, денари од планираните 8.659.055,00 денари.

Ставка 412- Постојана резерва е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 413- Тековни резерви е планирана со средства од 200.000,00 денари, не се реализирани средства.

Ставка 420- Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 673.044,00 денари од планираните 1.687.000,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 57.082.549,00 ден, од планираните 81.500.000,00 денари.

Ставка 423- Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки реализирани се во износ од 4.578.221,00 денари, од планираните 6.605.046,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во во износ од 63.054.890,00 денари од планираните 73.773.319,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 21.478.630,00 денари од планираните 37.871.042,00 денари.

Ставка 426-Други тековни расходи реализирани се трошоци во износ од 18.776.991,00 денари, од планираните 24.300.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 427-Привремени вработувања реализирани се трошоци во износ од 7.805.460,00 денари, од планираните 8.220.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 452-Каматни плаќања за домашно задолжувањe реализирани се трошоци во износ од 33.564,00 денари, од планираните 150.000,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 463- Трансфери до невладини организации, реализирани се трошоци во износ од 36.977.494,00 ден, од планираните 40.590.000,00 денари.

Ставка 464-Разни трансфери реализирани се трошоци во износ од 40.589.918,00 ден, од планираните 47.050.000,00 денари.

Ставка 465- Исплата по извршни исправи реализирани се трошоци во износ од 867.749,00 ден, од планираните 1.750.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци, реализирани се трошоци во износ од 5.094.879,00 ден, од планираните 6.000.000,00 денари.

***Вкупни капитални расходи:***

Ставка 480-Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 2.925.899,00 ден, од планираните 6.144.883,00 денари

Ставка 482-Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 172.649.603,00 ден, од планираните 356.983.998,00 денари.

Ставка 485-Вложувања и нефинансиски средства, реализирани се расходи во износ од 12.636.800,00 од планираните 19.564.000,00 денари.

Поединечно програмата А0 - Совет на општина е остварена со 69,49%,Г1- ЛЕР е остварена со 46,17%,Г2- Развој на туризмот остварена со 53,41%, Д0- Градоначалник со 72,10%, Д1- Месна самоуправа е остварена со 72,22 %, Е0- Општинска администрација 73,17 %, Ј3- Јавно осветление 77,75%, Ј4- Јавна чистота 97,71 %,Ј6-Одржување и заштита на локални патишта 72,78 %, Ј7- Одржување и користење паркови и зеленило 100%, ЈА-Изведба на осветление и нисконапонска кабловска мрежа во АРМ 21,45%, ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување во Арм четврт 1 и 2 со 18,29%, ЈД- Изградба и реконструкција на улици и патишта 50,04 %,ЈИ-Изградба на атмосферска и фекална канализациона мрежа улица СРУ 1 ( АРМ четвр 1 и2) е остварена со 21,95%, КА- Културни манифестации и творештво ( капитални расходи) е остварена со 94,79%,ЛА- Спорт и рекреација (капитални расходи) е реализирана со 32,75%, ЊО-Противпожарна заштита со 48,46 %, Р1-Заштита на животната средина и природа со 93,34%, Ф1- Урбанистичко планирање со 11,58% .

**Ставките 401,402,404 Основни плати и надоместоци** - се однесуваат на плати, надоместоци од плати и придонеси од плати за вработени , како и други надоместоци за советниците, за 12 месеци реализирани во вкупен износ од 60.417.944,00 денари .

**Ставката 420 Патни и дневни расходи** ги опфаќа патувањата во земјата и странство на вработените во општинската администрација, градоначалникот , претставниците од советот на општината и надворешни соработници, реализирани се во вкупен износ од 673.044,00 денари.

**Ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** ги опфаќа трошоците за електрична енергија за општината, месните заедници, училиштата, вода и канализација, ѓубретарина, течни горива за општината, училиштата, противпожарната заштита, уличното осветлување,телефон и телефакс за општинската администрација и членовите на советот на општината, пошта, горива и масла за возилата, регистрација на моторните возила, и транспорт на луѓе реализирана е вкупен износ од 57.082.549,00 денари.

**Ставката 423 Алат и ситен инвентар** опфаќа : канцелариски материјал, весници, списанија и други изданија, униформи, прехрамбени артикли и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, и други материјали , реализирана е со вкупен износ од 4.578.221,00 денари.

**Ставката 424 Поправка и тековно одржување** ги опфаќа поправката на возилата и тоа лесните возила и возилата во ТППЕ , одржувањето на зградата, , дезинфекција, деритизација, , поправка и одржување на опремата ,поправка и одржување на хардверска и софтверска опрема, поправка и одржување на уличното осветление и одржување на јавните зелени површини, реализирана е во износ од 63.054.890,00 денари.

**Ставката 425 Договорни услуги** ги опфаќа осигурувањата на возилата, недвижностите и правата , изработката на просторни и урбанистички планови, услугите за копирање и печатење, и договорни услуги од други лица (изведувачи физички лица за културни манифестации,лица вклучени за достава на решенија и др ), консултански услуги, вкупната реализација е во износ од 21.478.630,00 денари.

**Ставка 426 Други тековни расходи** опфаќаат членарини во домашни организации, расходи за репрезентација и други опративни расходи. Реализирани се во износ од 18.776.991,00 денари, најголем дел опфаќаат другите оперативни расходи (уплати за поднесување на завршни сметки, трошоци кон Агенцијата за катастар на недвижности за имотни листови за имот на Општина Битола,спроведување на решенија за експропријација, медијаторски услуги при судски постапки, миење на службените возила на општината, следење на културните настани и нивно претставување во електронските медиуми, поставување и собирање на знамиња, изведувачи правни лица за културни манифестации, организирање на 7 јавни презентации и јавни анкети за урбанистички документации др.

**Ставка 427 Привремени вработувања** е ставка за исплата на лица ангажирани во општината за вршење на административни работи и истата е реализирана во вкупен износ од 7.805.460,00 денари.

**Ставка 452 Каматни плаќања за домашно задолжување** е реализирана во износ од 33.564,00 денари, а се однесуваат на плаќање камата за средствата кои се повлечени како транши со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Ставка 463 Трансфери до невладини организации и спортски здруженија** е реализирана во износ од 36.977.494,00 денари, а се однесуваат на трансфери до здруженија и граѓани , и трансфери до спортски клубови за подршка и реализација на нивните програми ќе наведеме некои организации на кој сме дале финансиска подршка: Битолско кинолошко друштво, ЗУР Македонски ракотворби, Организација на жени, ЗГ Креатив, Фото клуб Стеван Наумов - Стив, ЗГ Ромска звезда ,Асоцијација за уметност Алексовски, Фолклорен ансамбл Гоце Делчев, МКЦ, ЗГ Граѓански патеки, Битолски книжевен круг,Центар за хепатитис и многу други. Од трансферите до спортските клубови КК Пелистер, РК Пелистер, ФК Пелистер, Одбојкарски клуб Волеј, ЖРК Пелистер, Аикидо клуб Пелистер,Будо центар Пелистер, Џудо клуб Пелистер, Карате клуб Студент,Планинарски спортски клуб Пелагон, сите фудбалски клубови кои се активни на територијата на Општина Битола и други .Во 2017 година доделени се средства на околу 62 здруженија на граѓани и 64 спортски клубови.

**Ставката 464 Разни трансфери** опфаќа плаќања во вкупен износ од 40.589.918,00 денари и тоа за плаќања по судски решенија , за трансфери при пензионирања, трансфер на средства по одлука на Совет на Општина Битола до Пелагонискиот регион (според член 62 од Законот за рамномерен регионален развој - Службен весник на Р.М. бр 63/07 ) според бројот на жителите, трансфер за кофинансирање на сензорска соба во Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух и говор Кочо Рацин, трансфери по основ на субвенции за печки на пелети , трансфери до ОИК- Битола за спроведување на локални избори и други трансфери.

**Ставката 465 Исплата по извршни исправи** опфаќа плаќања во вкупен износ од 867.749,00 денари и тоа за плаќања на трошоци и камати по извршни исправи.

**Ставка 471 Социјални бенифиции** реализирана е во износ од 5.094.879,00 денари е наменета за помош на лица - социјални случаеви по решение од комисија за финансии и буџет или решение од градоначалник , а во согласност со Одлуката за определување на критериумите за распределба на средства, како финансиска помош од Општина Битола.

**Ставка 480 Купување на опрема и машини** реализирана е со износ од 2.925.899,00 денари и ги опфаќа купување на информатичка и видео опрема, и др опрема.

**Ставката 482 Други градежни објекти** е наменета за капиталните расходи ( улици, патишта, водоводи,канализација и др) на општината и е реализирана со вкупен износ од 172.649.603,00 денари.

**Ставката 485 Вложувања и нефинансиски средства** реализирана е во износ од 12.636.800,00 денари , за експропријација и за купување на комјутерски софтвер.

**На сметката Самофинансирачки активности на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **95.262.310** | **40.442.406** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **3.065.000** | **2.803.023** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 2.230.000 | 2.046.433 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 835.000 | 756.590 |
| **42 Стоки и услуги** | **75.897.870** | **35.468.173** |
| 420 Патни и дневни расходи | 969.000 | 52.897 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 8.035.704 | 4.528.206 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 36.519.350 | 18.446.346 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 11.546.600 | 4.508.799 |
| 425 Договорни услуги | 13.440.032 | 5.605.717 |
| 426 Тековни расходи | 5.137.184 | 2.326.208 |
| 427 Привремени вработувања | 250.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **3.134.000** | **116.000** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 3.134.000 | 116.000 |
| **47 Социјални бенефиции** | **30.000** | |
| 471 Социјани надоместоци | 30.000 | |
| **48 Капитални расходи** | **13.135.440** | **2.055.210** |
| 480 Купување на опрема и машини | 5.480.000 | 1.121.253 |
| 481 Градежни објекти | 330.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 3.950.000 | 238.714 |
| 483 Купување мебел | 600.000 | 46.240 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 705.500 | 79.063 |
| 486 Купување на возила | 2.069.940 | 569.940 |




**сл.5 Вкупни расходи сметка Самофинансирачки активности**

Ставка 401- Основни плати планирани се трошоци во износ од 2.230.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 2.046.433,00 денари.

Ставка 402- Придонеси за социјално осигурување од работодавачите планирани се трошоци во износ од 835.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 756.590,00 денари.

Ставка 420- Патни и дневни расходи планирани се трошоци од 969.000,00 денари, реализирани се средства во висина од 52.897,00 денари.

Ставка 421- Комунални услуги греење и транспорт планирани се трошоци од 8.035.704,00 денари, реализирани се средства во висина од 4.528.206,00 денари.

Ставка 423 - Материјали и ситен инвентар планирани се трошоци во износ од 36.519.350,00 денари реализирани се средства во висина од 18.446.346,00 денари.

Ставка 424- Поправки и тековно одржување планирани се трошоци во износ од 11.546.600,00 денари, реализирани се средства во висина од 4.508.799,00 денари.

Ставка 425- Договорни услуги планирани се трошоци во износ од 13.440.032,00 денари реализирани се средства во износ од 5.605.717,00 денари.

Ставка 426- Други тековни расходи планирани се трошоци во износ од 5.137.184,00 денари, реализирани се во износ од 2.326.208,00 денари.

Ставка 427- Привремени вработувања планирани се трошоци во износ од 250.000,00 денари, не се реализирани средства до крајот на годината.

Ставка 464-Разни трансфери планирани се средства во износ од 3.134.000,00 денари,реализирани се средства во износ од 116.000,00 денари.

Ставка 471-Социјални надоместоци планирани се трошоци во износ од 30.000,00 денари не се реализирани средства до крајот на годината.

Ставка 480 - Купување на опрема и машини од планираните 5.480.000,00 денари, реализирани се средства ви висина од 1.121.253,00 денари.

Ставка 481 - Градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 330.000,00 денари, не се реализирани трошоци до крајот на годината.

Ставка 482 - Др.градежни објекти, планирани се трошоци во износ од 3.950.000,00 денари, реализирани се трошоци во висина од 238.714,00 денари.

Ставка 483- Купување на мебел од планираните средства во износ од 600.000,00 денари, реализирани се трошоци во висина од 46.240,00 денари.

Ставка 485- Вложувања и нефинасиски средства од планираните 705.500,00 денари, реализирани се средства во висина од 79.063,00 денари.

Ставка 486 - Купување на возила од планираните 2.069.940,00 денари, реализирани се средства во износ од 569.940,00 денари.

Извршувањето на расходите од сметката Самофинансирачки активности од В1 Детски градинки со 43,88 %, В2 Дом за стари лица со 79,94 %, К3-Музејска и кинотечна дејност програмата е со 11,58 %, Н1-Основно образование со 12,88 %, и Н2 Средно образование со 28,07%.

**На сметката Донации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | **Планирани** | **Реализирани** |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **50.847.371** | **5.258.958** |
| **42 Стоки и услуги** | **29.201.955** | **4.988.401** |
| 420 Патни и дневни расходи | 14.813.226 | 3.124.656 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 297.530 | |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 3.082.204 | 1.160.478 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 120.000 | |
| 425 Договорни услуги | 7.331.735 | 526.218 |
| 426 Тековни расходи | 3.517.260 | 177.049 |
| 427 Привремени вработувања | 40.000 | |
| **46 Субвенции и трансфери** | **848.500** | **270.557** |
| 463 Трансфери до невладини организации | | |
| 464 Разни трансфери | 848.500 | 270.557 |
| **48 Капитални расходи** | **20.796.916** | |
| 480 Купување на опрема и машини | 19.117.916 | |
| 481 Градежни објекти | 100.000 | |
| 482 Други градежни објекти | 1.290.000 | |
| 483 Купување мебел | 289.000 | |




**сл.6 Вкупни расходи сметка Донации**

Од планираните расходи од Донации реализирани се средства од:

**Донациите** во основните, средните училишта, зоолошката градина, градинките се рализирани во износ од 5.167.176,00 денари од планираните 50.662.871,00 денари или 10,20 %.

**Донација-Проект Биофос** реализирани се средства во износ од 91.782,00 денари од планираните 184.500,00 денари или 49,75%

**На сметката Заеми на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **138.440.325** | **30.937.858** |
| **48 Капитални расходи** | **138.440.325** | **30.937.858** |
| 482 Други градежни објекти | 138.440.325 | 30.937.858 |

Од ставката 482 Други градежни објекти реализирани се средства во висина од 30.937.858,00 денари од планираните 138.440.325,00 денари, за изградба на инфраструктура во АРМ - четврт 1 и 2.

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### 3.Извештај за средствата , побарувањата, обврските, и изворите на средствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот.
Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата реално ја прикажуваат имотната состојбата на општината.
За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беа формирани пописни комисии со решение од страна на Градоначалник , со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства, и ситниот инвентар како и побарувањата и обврските на Општината.

Централната комисија за попис е во состав:
Благица Василевска - Претседател
Љупчо Бошевски- член
Катерина Кочовска - член
Сузана Николовска - зам. член

Според извештајот на Централната комисија за попис, комисијата за недвижности совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во катастарските книги на Општина Битола.

| | |
|---|---|
| **Други нематеријални права** | 6.848.347,00 денари |
| Исправка на вредноста на др. нематеријални права | 4.243.405,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **2.604.942,00 денари** |

Вредноста на други нематеријални права ги опфаќа софтверите кои ги употребуваат вработените во општина Битола ( софтвер за подземен катастар, софтвер за финансиско работење, за архивско работење, за следење на финансиската документација, софтвер за одобренија за градба, софтверот за работа на новото јавно претпријатие,нов сервер и др).

| | |
|---|---|
| **Земјиште за друга намена** | **85.715.744,00 денари** |

Вредноста на земјиштето за друга намена е земјиштето кое Општина Битола го има откупено од физички лица по пат на експропријација.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 804.319.377,00 денари |
| Исправка на вредноста | 35.147.339,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **769.172.038,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, објекти во урбаните заедници, пречистителната станица во ИЗ Жабени, објекти во касарната, 17 монтажни киосци на шеталиште,Спортска сала Младост, Офицерски дом и Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков и други.

| | |
|---|---|
| **Станови и деловни објекти** | 96.231.059,00 денари |
| Исправка на вредноста | 16.350.154,00 денари |
| **Сегашна вредност на објектите** | **79.880.905,00 денари** |

Вредноста на становите и деловни објекти се однесува на 8 станови во сопственост на Општина Битола , 3 дуќани , поранешно детско одморалиште Пелистер, вториот дел од зградата на поранешно Радио Битола, ќумурното игралиште, фудбалското игралиште во с. Горно Оризари, фудбалското игралиште во ОУ Даме Груев, две тениски игралишта (позади градскиот стадион),единечно тениско игралиште и др.

Комисијата за утврдување на состојбата на предметите, опремата,ситниот инвентар, исто така совесно ја изврши својата задача. Застарените возила кои повеќе не се регистрираат , комисијата даде предлог да се расходоваат. Книговодствено се изврши расход на ( Лада нива-џип, Лада 110, киа авела ,ауди, застава југо 55) и специјални возила на ТППЕ ( ФАБ специјално,ФАБ - цистерна,ФАБ -13,платформа за противпожарно возилои автобус ТАМ).

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 99.976.243,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 76.882.614,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **23.093.629,00 денари** |

**Други материјални средства** **22.570.499,00 денари**

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на спомениците на културата (споменикот на Филип, споменикот Ангел на бранителите, и споменикот на Александар Турунџев) и дела на ликовната уметност ( слики ) со кој располага општината.

**Инвестиции во тек** **119.660.399,00 денари**

Во инвестиции во тек остануваат во евиденција изградбата на Киното Манаки, топловодот и реконструкцијата на градскиот Стадион под Тумбе кафе.

**Долгорочни финансиски вложени и здружени средства** **1.971.324.909,00 денари**

Во оваа категорија е основачки влог на Општината Битола во јавните претпријатија, локалните јавни установи , Центар за развој на Пелагониски регион, АД ФК Пелистер со Одлука на Совет на Општина Битола 07-15/25 од 04.07.2012 година, АД РК Пелистер и др каде основач е Општината Битола .

Според извештајот на третата комисија за побарувања и обврски се констатираа следните состојби :

**Непокриени трошоци** **44.619.063,00 денари**
Непокриените трошоци се однесуваат на примени средства по основ на долгорочен кредит за изградба на комплетна инфраструктура на 6 улици во АРМ- четврт 1 и 2.

| | |
|---|---|
| **Пари на жиро сметка** | **24.581.740,00 денари** |
| **Парични средства во касата** | **0** |
| **Бонови за гориво** | **150.000,00 денари** |

**Вкупни побарувања на Општина Битола** **284.398.747,00 денари**

Побарувањата се однесуваат на побарувања по основ на данок на имот за правни и физички лица е во износ од 129.522.337,00 денари,побарувања по основ на издаден простор под закуп од деловни објекти и издавање на рекламни паноа 5.203.035,00 денари, побарувања за користење на земјиште за поставена урбана опрема 3.685.431,00 денари, побарувања од купувачи-надоместок за користење на автобуски стојалишта 3.877.606,00 денари.

Комисијата во соработка со стручните служби констатира дека како други побарувања се побарувања по основ комунална такса за истакнување на фирма,комунална такса за музика за јавни локали,комунална такса за користење простор пред деловни простории,неплатен данок за наследство и подарок во износ од 136.476.852,00 денари, и побарувања по основ на заведени судски спорови во износ од 5.633.486,00 денари.

**Побарувања за дадени аванси кон добавувачи** **265.650,00 денари**.

Евидентираните побарувања за аванси во најголем дел се за извршени услуги за кои добавувачите бараат авансно плаќање.

**Други краткорочни побарувања од службениците во општинската администрација** **93.007,00 денари.**

Побарувањата се однесуваат на дадени верни картички за бензин на шоферите и вработените во општината и ТППЕ единицата кои се задолжени за возилата и средства за патарини.

**Други меѓусебни побарувања во односите со буџетот и фондовите** **181.435.244,00 денари.**

Побарувањата се од основните и средни училишта во чие име и сметка Општината измирила обврски(ел.енергија,превоз,нафта-162.959.531,00 денари), побарувања од Агенцијата за рурален развој за урбанистички планови во с. Долно Оризари од 2014 година и село Дихово и Нижополе од 2016 година (2.661.177,00 денари),побарувања од МЖС за изградба на фекална и атмосферска канализација во АРМ (13.314.536,00 ден) и побарувања од МТВ за комунална инфраструктура во населба Баир и Баденбалари во износ од 2.500.000,00 денари.

**Обврските кон добавувачите во земјата на Општина Битола** **117.573.684,00 денари**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за кои фактурите или ситуациите стигнале со задоцнување , и за фактури кои пристигаат во први месец 2018 година, а се однесуваат за 12-ти месец 2017 година.Сите обврски доспеваат или имаат рок за плаќање во 2018 година.

**Обврски спрема добавувачи- граѓани** **430.562,00 денари**

Тоа се обрски кон изведувачот на споменикот за поставување на споменикот,обврски по основ на решенија за отпремнина и боледување подолго од шест месец и др.

**Други краткорочни финансиски обврски** во износ од **74.984.054,00 денари**

Тоа се обврските за нето износот на надоместок за советниците за месец 12-ти месец 2017 година, кој се исплаќа во јануари 2018 година, и обврски за судски постапки во тек.

**Обврски спрема работниците** во износ од **8.800,00 денари**
Тоа се обврски за неисплатени дневници,патарини и паркинзи за извршени службени патувања во 2017 година

**Други краткорочни финансиски обврски**
**во буџетот во износ од** **65.857,00 денари**
Тоа се евидентирани повеќе уплатени средства од корисниците на општински деловен простор од јавно наддавање.

**Обрските спрема државата и други институции** **94.876,00 денари**
Ја опфаќа обврската за плаќање на персонален данок за надоместокот на советниците за 12-ти месец 2017 година и обврската за персонален данок за неисплатените дневници за службени патувања во 2017 година.

**Други обврски од меѓусебни односи** **13.065.893,00 денари**
Обврските се однесуваат на обврски кон добавувачи -правни лица кои истовремено се и гаранции од правните лица за извршената работа на капиталните инвестиции на општината.(КЈП Нискоградба и ГП Пелистер).

**Пресметка и обврски за плати** **4.616.779,00 денари**
Обрските се однесуваат на неисплатената плата на општинската администрација за 12-ти месец 2017 година.

**Материјали на залиха** се во износ од **3.657.047,00 денари**
Се однесуваат на материјали, за новогодишно украсување, канцелариски материјал и др.

**Ситниот инвентар и неговата исправка** се со износ од **2.936.847,00 денари**

**Во класата 9- Извори на средства и**
**вонбилансна евиденција** **3.122.299.173,00 денари**.
се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните,материјалните добра, основачките влогови на општината во локалните јавни установи и објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М (објект на КП 17575/1 Спортско-рекреативен комплекс спортска сала Младост, двор и паркинг на истиот објект, котлара и санитарии, со Одлука на Владата на Р.М. бр 41-1877/1 од 20.03.2012 година и Одлука од Советот на Општина Битола за прифаќање трајно користење на недвижниот имот број 07-12/29 од 08.05.2012 година, објект на Работнички универзитет Крсте.П.Мисирков Битола со Одлука на Советот на Општина Битола број 07-15/22 од 04.07.2012 година, 1 објект во касарна, даден со Одлука на Влада на Р.М. број 51-997/1 од 22.02.2011 година, објектите на КП број 7424 во Општинскиот двор зградите и гаражите, дел од капиталните инвестиции на општината (изградени водоводни и канализациони системи на улиците во АРМ - четврт 1 и 2, градскиот Стадион под Тумбе кафе , улици во с. Долно Оризари, реконструкција на улица Димитар Робев, улица Кузман Ј.Питу и други улици) и залихата на материјали за новогодишно украсување и канцелариски материјали, Радио Битола вториот спрат, ќумурното игралиште,фудбалско игралиште во с. Горно Оризари, фудбалско повеќенаменско игралиште во основното училиште Даме Груев, двете тениски игралишта, добиените средства од домашно задолжување и др.
При прегледот на заведени судски спорови спрема општината утврдени се заведени спорови за надомест на штета без определена вредност (физички лица за експропријација) и др.

**4. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации за делегирани надлежности**

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи или ставката 482 која ги опфаќа; подготвување на проекти за улици, патишта, пречестителни станици, водоводи, енергетика, и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **172.649.603,00 денари**.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за улици,и патишта** потрошени се средства во износ од **5.413.189,00 денари** .Проектите и елаборатите се изготвени за следните улици: ул 8-ми септември, ул 15-ти корпус, ревизија на проект на ул Драгорска, проект за пристапен пат до Пречестителна станица, проект за коловоз за с. Раштани,ревизија на проект на ул Васко Карангелевски, ревизија на проект за ул Д.И.Мурато, проект за инфраструктура за ул Довлеџик, проект на улица Булевар 1-ви мај со пресек на улица 4-ти ноември и ул Столарска, ревизија на проект за сообраќајна инфраструктура во с. Егри и др.

**Изградба и реконструкција на улици и патишта** потрошени се средства во износ од **59.916.606,00 денари**. Вложени се средства за изградба и реконструкција на следните улици: Даме Груев во нас.Мал Париз, Васил Брклевски, Стара чешма, Широка, СРУ 1 во АРМ четврт 1, Рашанец, изградба на улици во ИЗ Жабени, Апостол Здравевски, улици во с. Долно Оризари, реконструкција на улица Македонска фаланга, Санација на тротоари и партерно уредување на териоторијата на Општина Битола, реконструкција на раскрсницата (кај фонтаната пред НУ Завод и музеј), реконструкција на улица Бистра, реконструкција на улица Питу Гули, реконструкција на улица Марков Цепенков, реконструкција на коловоз со тротоари и пристапни скалилници до објекти на улица Булевар 1- ви мај, реконструкција на улица Големо Езеро, реконструкција на улица Кузман Јосифовски и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за пречистетилни станици и колектори** потрошени се средства во износ **од 3.107.934,00 денари** и тоа за улиците Солунска, Широк Сокак, проект и елаборат за дел од колекторски систем за град Битола, ревизија на проект за пречестителна станица и колектор за одводнување на Бегова чешма, елаборат за довод до с. Канино, ревизија на проект за главен собирен колектор за отпадни води од Битола, ревизија на проект за реконструкција на секундарна канализациона мрежа во с. Горно Оризари, проекти за колекторски систем во град Битола и др.

**Изградба и реконструкција на пречестителни станици и колектори** потрошени се средства во износ од **33.798.182,00 денари,** за фекална и атмосферска канализација на улици во с. Долно Оризари, изведба на канализациона мрежа за објект Дом за деца и млади во с. Кравари, изградба на атмосферска и фекална канализација на ул СТУ 5 во АРМ четврт 2, атмосферска канализациона мрежа на улица Апостол Здравевски, изградба на канализациона мрежа на улица Марко Цепенков,изградба на колекторски систем на локација Бегова чешма, изградба на фекална канализација на улица Рашанец, изградба на фекална канализација на улица Никола.К.Мајски, атмосферска и фекална канализација кај св. Недела на улица Димитар Робев, изградба на атмосферска и фекална канализација на улица Ѓорѓи Димитров, машинско чистење и ископ на канали на територијата на Општина Битола, и чистење на канали во с.Поешево, Логоварди, Карамани, Егри, одржување на мешовита канализација на улица Кузман Јосифовски, одржување на мешовита канализација на улица Београдска, улица Булевар 1- ви мај од левата страна и др.

**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **104.746,00 денари**, за проекти и елаборати на водоводни мрежи на улиците во с. Црнеец, с. Велушина, с. Брусник и др.

**Изградба и реконструкција на капацитети за водоснабдување** потрошени се средства во износ од **8.090.655,00 денари** и тоа : Водоводна линија во АРМ на улица СРУ профил 24,10 и 9, санитарна водоводна линија на улиците СТУ 9,СТУ 10 во АРМ, водоводна линија на улици СРУ 5 во АРМ четврт 2, реконструкција на водоводна линија во ИЗ Жабени, реконструкција на водоводна линија на улица Питу Гули, реконструкција на водоводна

линија за Дом за децаи млади во с. Кравари, реконструкција на водоводна линија на улица Рашанец, реконструкција на водоводна линија на улиците 23-та, 27-ма, 2-ра ,3-та,25-та, реконструкција на водоводна линија на улица Марко Цепенков и др.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **81.957,00 денари**, и тоа за проекти и ревизија за енергетска ефикасност на улицата 4-та во Буковска населба,геодетски елаборат за каблирање на 35 КВ кабел на траса и др.
**Изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката** потрошени се средства во износ од **6.305.640,00 денари** и тоа поставување на улично осветление во АРМ четврт 1 СРУ 1, изведба на инсталации за греење во ОУ Даме Груев ПУ с.Долно Оризари ,ОУ Тодор Ангелевски ПУ Горно Оризари, дислокација на 35 КВ кабел во АРМ,поставување на улично осветление на улица Широка, поставување на улично осветление на улица СРУ 1 во АРМ четврт 1,градежни, инсталациски и занаетчиски работи за сервисирање на подземна кабелска мрежа со високи канделабри за улично осветление, приклучоци на дистрибутивна мрежа за објекти стрелачки клуб, војнички клуб, електро инсталации за одржување на воздушна мрежа на улиците: Цветан Димов, Наум.Н.Борче, Цане Василев, П.Ванчова, Никола Русински, електро инсталации за одржување на воздушна мрежа во спортска сала во ОУ Коле Канински електро инсталации за одржување на воздушна мрежа во с. Оптичари,реконструкции на инсталации за греење во ОУ Стив Наумов, ОУ Елпида Караманди, детска градинка Мајски Цвет, ОУ Климент Охридски, Општинската зграда, санации на инсталации за греење во Спортска сала Младост и др.
**За подготвување на проекти и ревизија на проекти за други објекти** потрошени се средства во износ од **2.445.929,00 денари,** и тоа проект за ентериер и мебел за Киното Манаки, геодетски елаборат за изградба на Скејт парк, геодетски елаборат за изградба на градинка во АРМ, ревизија на АУП за градба за спорт и рекреација во с. Породин - Меџитлија, основен проект за адаптација на Спортска сала Младост,проект за реставрирање и адаптирање на Офицерски дом,основен конзерваторски проект за реставрација и адаптација на Офицерски дом, ревизија на проект за реставрација на Офицерски дом, изработка на студија за оправданоста за изградба на Пазар на големо, и геодетски елаборати за легализација на објекти: СОУ Јане Сандански, СОУ Таки Даскало, фудбалско игралиште КО Бистрица, СОУ Јосип.Б.Тито- амбуланта, УЗ Коле Лачето, УЗ Александар Турунџев, УЗ Вангел Мајоро, УЗ Ѓорѓи Наумов,ОУ Тодор Ангелевски, ОУ Ѓорѓи Сугарев,елаборат за нумерички податоци за изградба на Фитнес зона и др.
**Изградба и реконструкција на другиобјекти** потрошени се средства во износ од **49.504.623,00 денари** и тоа за изградба на Киното Манаки (градежно -занаетчиски работи,термотехнички инсталации ), изградба на спортски терен и заштитна ограда во ОУ Коле Канински ПУ с. Поешево, изградба на игралиште за мал фудбал во с. Лопатица, изградба на отворено спортско игралиште во с. Канино,изградба на отворено спортско игралиште во с. Крклино, адаптација со реконструкција на Спортска сала Младост,санација на просториите во подрумот на Општина Битола, изградба на Северна трибина на Градски стадион под Тумбе Кафе,градежно занаетчиски работи во просториите за информатичка технологија (сервер) во општината, партерно уредување на Киното Манаки, редење на паркет во спортска сала на ОУ Елпида Караманди, градежно занаетчиски работи за реновирање во ОУ Климент Охридски, редење на паркет во училишна спортска сала во ОУ Коле Канински и др.
**Изградба на споменици** потрошени се средства во износ од **1.476.000,00 денари** за споменикот на Александар Турунџев.
**Надзор над изградбата на претходно споменатите проекти** потрошени се
се средства во износ од **2.404.142,00 денари.**

**На сметката Дотации на Општина Битола планирани се и реализирани следните приходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **Вкупно Приходи** | **666.134.332** | **647.013.832** |
| **74 Трансфери и донации** | **666.134.332** | **647.013.832** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 666.134.332 | 647.013.832 |
| **79 Разлика на приходите и трошоците** | | |




**сл.7 Вкупни приходи сметка Дотации**

Приходите на оваа сметка се остварени по основ на Трансфери од други нивоа на власт односно од соодветните Министерства на локалните јавни установи , и пренесениот вишок на приходи од претходната година.

**На сметката Дотации на Општината Битола планирани се и реализирани следните расходи**

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **666.134.332** | **647.013.832** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **564.169.194** | **558.648.702** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 410.913.718 | 407.327.133 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 153.255.476 | 151.321.569 |
| **42 Стоки и услуги** | **91.995.397** | **86.792.946** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 43.648.196 | 39.937.931 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 3.446.754 | 3.425.636 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 1.052.644 | 844.966 |
| 425 Договорни услуги | 43.847.803 | 42.584.413 |
| **48 Капитални расходи** | **9.969.741** | **1.572.184** |
| 480 Купување на опрема и машини | 560.924 | 560.924 |
| 482 Др.градежни работи | 9.408.817 | 1.011.260 |




**сл.8 Вкупни расходи сметка Дотации**

***Корисници на средства од наменска и блок дотација:***

Вкупните тековни оперативни приходи за корисниците на средствата од сметката за наменска и блок дотација се реализирани во износ од 647.013.832,00 денари, од планираните 666.134.332,00 денари, или 97,13 %.

Вкупните тековни оперативни расходи за корисниците на средствата од сметката за наменската и блок дотација се во износ од 647.013.832,00 денари од планираните 666.134.332,00 денари или 97,13% и тоа:

Ставка 401- Основни плати реализирани се расходи од 407.327.133,00 денари, од планираните 410.913.718,00 денари.

Ставка 402-Придонеси за социјално осигурување од работодавачите е со реализирани расходи во износ од 151.321.569,00 денари, од планираните 153.255.476,00 денари.

Ставка 421-Комунални услуги, комуникација и транспорт, реализирани се трошоци во износ од 39.937.931,00 денари од планираните 43.648.196,00 денари во вкупниот буџет.

Ставка 423- Материјали и ситен инвентар, реализирани се трошоци во износ од 3.425.636,00 денари, од планираните 3.446.754,00 денари.

Ставка 424-Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 844.966,00 денари, од планираните 1.052.644,00 денари.

Ставка 425-Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 42.584.413,00 денари, од планираните 43.847.803,00 денари.

Ставка 480-Купување на опрема и машини реализирани се средства во висина од 560.924,00 денари од планираните 560.924,00 денари.

Ставка 482-Други градежни објекти бил планиран износ од 9.408.817,00 денари, потрошени се 1.011.260,00 денари .

Извршувањето на расходите од сметката за наменска и блок дотација за програмата В1 Детски градинки е 80,93%, В2 Дом за стари лица 95,34%, К3 Музејска и кинотечна дејност е 85,53% Н1 Основно образование со 99,75 %, Н2 Средно образование со 99,64 %, и програмата Ѓ0 со 90,06 %.

Резултатите во 2017 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Битола. Советот одржа вкупно 16 седници на кои беа разгледани 359 точки. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 6 сектори, 20 одделенија и една единица, со организиран едношалтерски систем на услуги за делокругот на обврските на локалната самоуправа.

**Бр 09-24/6**
**13.03.2018 год.**
**Битола**

**Сектор за финансиски прашања**
**на Општина Битола**